# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18.07.2000 год.

Седницата се одржа во салата на седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на тоа што се создадоа услови во моментов, во Собраниево, оние пратеници што ги нема ги молам да влезат во салата, да пристапиме кон чинот на гласање и да ги усвоиме, се разбира со моја лична молба до вас измените и дополнувањата во Законот за извршна постапка. Навистина се многу битни. Во тој контекст, бидејќи остана само чинот на гласање, инаку целата расправа е завршена, ги молам сите пратеници кои ја следат седницата да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон чинот на гласањето, а ни требаат минимум 80 гласови за да можеме да го изгласаме овој закон.

Ќе ве молам преминуваме на гласање по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка и предлогот на законот за договорна хипотека.

Претресот по предлозите на законите го завршивме на 50-та седница на Собранието на РМ.

Според тоа, преминуваме на гласање по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.

Ве потсетувам дека, согласно член 98, став 5 од Уставот на РМ, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

86 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, а против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.

Преминуваме на гласање по Предлогот на Законот за договорна хипотека.

Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

84 пратеници гласаа за, 3 се воздржани и 1 е против.

Констатирам дека овој Закон за договорна хипотека, Собранието го донесе.

Со тоа се создадоа неопходните претпоставки за реформско делување во една многу значајна сфера на општественото живеење, а тоа е прашањето на извршувањето на санкциите и на заштитата на доверителот, пред се.

(Седницата заврши во 13,30 часот).